# НАТПРЕВАР ЗА ФОТОГРАФИЈА „WORK4YOUTH“

Во 2012 година **приближно** 75 милиони млади луѓе ширум светот останаа без работа, денес невработени се 4 милиони повеќе луѓе од 2007 година, а повеќе од 6 милиони се откажале од барањето работа. Повеќе од 200 милиони млади луѓе работат, но заработуваат под 2УСД на ден. Се продлабочува неформалната вработеност на младите.[1]

Иако ова се тешки времиња за младите луѓе, тие се истрајни. Младите се високо мотивирани и способни да понудат нови идеи и погледи. Тие се двигатели на економскиот развој, а да се пропушти тој потенцијал би значело штета за економијата. Со цел зголемување на свеста кај јавноста за потенцијалот на младите, Програмата за вработување на младите на МОТ, спонзорирана од Фондацијата MasterCard и тимот за пристојна работа на МОТ со седиште во Будимпешта организира **Натпревар за фотографија - WORK4YOUTH.**

**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ ДОЛУНАВЕДЕНИТЕ ИНФОРМАЦИИ ЗА ДА ДОЗНАЕТЕ КАКО МОЖЕТЕ ДА ГО ОСВОИТЕ ОВОЈ НАТПРЕВАР НА ФОТОГРАФИЈА**

Дали сте почетник во фотографијата или сте веќе искусен фотограф? Нема проблем! Ние сакаме да ги видиме вашите фотографии!

Ова е ВАША можност да ги „фатите“ предизвиците со кои младите жени и мажи се соочуваат додека бараат пристојна работа, како и нивната истрајност и иновативност во надминувањето на предизвиците.

На креативен и оригинален начин вашата фотографија/фотографии треба да ги одразуваат **младите на работа** (различни работни места и услови) и да ги илустрираат **предизвиците од вработувањето и издржливоста на вработените.** Добредојдени се прашања поврзани со следните теми: **Несоодветни работни услови; родови бариери; дискриминација; неформалност; претприемаштво; работна сиромаштија; миграција; несигурна работа; рурално стопанство**. Разгледајте наоколу!

Аспектите што се бараат од фотографиите се илустрација на:

- Исклучителни искуства и поучни моменти на младите работници/баратели на работа;
- Непрепознатливи и скриени моменти што даваат увид во искуствата на младите работници/баратели на работа на пазарот на трудот;
- Оптимистички, заразен ентузијазам и оригинална енергија на младите баратели на работа/работници;
- Визии и очекувања на младите.

[1] МОТ.2012. Кризата со вработувањето на младите:*Повик на акција* (Женева)

Можете да поднесете најмногу 5 фотографии. Фотографиите може да ги поднесете најдоцна до 24:00 часот (по средноевропско време) на **15 април 2013** година. Поднесените фотографии по овој датум нема да се земат предвид.

За да учествувате мора да имате најмалку 18 години и да бидете државјанин на земјите што се квалификуваат за натпреварувањето. За да видите дали вашата земја се квалификува видете го списокот на

http://www.ilo.org/public/english/standards/relm/country.htm;

**Фотографите на најдобрите 2 фотографии ќе бидат наградени со следните награди:**

- Најдобра фотографија: Парична награда од 1000 УСД
- Втора најдобра фотографија: Парична награда од 500 УСД

Имајќи го предвид партнерството помеѓу Програмата за вработување на младите и регионалната канцеларија во Будимпешта, натпреварувањето, исто така, вклучува подрршка за подигнување на свеста за предизвиците при вработувањето на младите и повикува на учество од натпреварувачи што живеат во централна и источна Европа. Затоа, ќе се додели специјална награда за поднесените фотографии од земјите од ЦИЕ.

**Фотографот на најдобрата фотографија од централна и источна Европа (ЦИЕ) ќе ја добие следната награда:**

- Најдобра фотографија од земјите од ЦИЕ: Парична награда од 1000 УСД

Со цел да се осигури учеството на најупорните млади луѓе во натпреварот, ќе има посебна награда за кандидатите на возраст помеѓу 18-29 години.

**Младите фотографи на најдобрите фотографии ќе бидат наградени со следните награди:**

- Награда за млад фотограф (кандидати од категоријата од 18 до 29 години): Парична награда од 800 УСД
- Награда за млад фотограф (кандидати од категоријата од 18 до 29 години од земјите од ЦИЕ): Парична награда од 800 УСД

*Победниците ќе ги контактираме во рок од 15 дена по затворањето на конкурсот. МОТ ќе контактира со победниците по е-пошта и ќе го договори доделувањето на наградите.*

**Услови и рокови**

- Секој фотограф може да поднесе најмногу 5 фотографии;
- Фотографите мора да бидат автори на поднесените фотографии и да ги имаат интелектуалните права за истите;

- За да учествуваат, фотографите мора да имаат најмалку 18 години и да бидат државјани на земјите што се квалификуваат за натпреварувањето. За да видите дали вашата земја се квалификува видете го списокот http://www.ilo.org/public/english/standards/relm/country.htm;
- За учество на натпреварот – сите поднесени фотографии мора да бидат доставени со ОФИЦИЈАЛНИОТ ФОРМУЛАР и фотографиите мора да бидат поднесени по е-пошта на адреса ilophotocontest@gmail.com, со цело име, возраст, пол и земја;
- Фотографите мора да добијат дозвола во писмена форма од субјектите што се наоѓаат на фотографиите дека истите се согласуваат на условите од конкурсот за фотографија „WORK4YOUTH“;
- Фотографиите мора да се поднесат со наслов, обележан датум на фотографијата, локација и легенда.
- Поднесените фотографии единстено ќе бидат прифатени во дигитален формат и истите не смеат да бидат дигитално уредувани или на кој било друг начин манипулирани;
- Датотеките со сликите треба да бидат 10 мегабајти или помали, мора да бидат во JPEG или .jpg формат и мора да бидат со резолуција од најмалку 1.600 пиксели во ширина (ако фотографијата е хоризонтална) или 1.600 пиксели висина (за вертикалните фотографии);
- Фотографиите што добиле награди на претходни конкурси нема да се земат предвид;
- Фотографиите што биле попретходно објавени нема да се земат предвид;
- Фотографиите мора да се испратат до 24.00 (средноевропско време) **на 15 април 2013 година;**
- Вработените во МОТ не може да учествуваат на конкурсот;
- Со пријавувањето за учество на натпреварот, фотографите се согласуваат со роковите и условите за истото.

**Правни прашања**

- Учесниците на Меѓународната организација на трудот (МОТ), нејзините партнери и други агенции на ОН, како и други лица или субјекти што се овластени од МОТ, им ја пренесуваат дозволата за бесплатно, неексклузивно, неотповикливо, преносливо, трајно, глобално користење на авторските права и сродните права, како и другите интелектуални права што произлегуваат според закон или ќе произлезат од соодветен закон за поднесените фотографии. МОТ има право да ги објавува фотографиите, меѓутоа не е обврзана на тоа. МОТ не презема обврска за техничките или другите проблеми што би можеле да го спречат поднесувањето на вашите фотографии. Со поднесување на вашата фотографија/фотографии, вие ги прифаќате Условите од учеството во натпреварувањето. МОТ го задржува правото да исклучи фотографии од конкурсот, ако учесниците прекршат некое правило од условите за учество на конкурсот, или во случај на друга слична прична или сомневање.

**Како да ги поднесете вашите ФОТОГРАФИИ**

- Фотографиите мора да ги испратите по е-пошта на xx@xxx,
- При испраќањето на фотографиите, **МОРА** да ја наведете **возраста и земјата** од каде доаѓате, во **ПОЛЕТО ЗА КАНДИДАТОТ.** Фотографиите **НЕМА** да бидат прифатени ако не се наведени тие информации;
- Мора да го пополните и испратите ОФИЦИЈАЛНИОТ ФОРМУЛАР ЗА УЧЕСТВО и да се согласите со роковите и условите за натпреварот за фотографија (видете подолу);
- Секоја фотографија треба да ги содржи следните информации: Наслов, датум на фотографијата, легенда (максимум 100 збора) со која се објаснува што илустрира фотографијата.

**Судии**

Комисија ќе ги разгледува фотографиите врз основа на:

- Релевантност на истите со целта на конкурсот;
- Композиција/осветлување на фотографијата;
- Оригиналност;
- Легенда;

**Изложба**

- Победничките фотографии и другите исклучителни фотографии ќе бидат избрани за изложба што ќе се одржи на интернет на страницата на МОТ;
- По прогрусување на победничките фотографии, ќе се известат фотографите чии фотографии ќе бидат избрани за интернет изложбата.

***Една слика - илјада зборови. Нека ве видат! Да имаме успешно натпреварување!***

ОФИЦИЈАЛЕН ФОРМУЛАР ЗА УЧЕСТВО
Поднесување на фотографии за натпреварот/конкурсот за фотографија
WORK4YOUTH

Име:

Датум на раѓање (ДД/ММ/ГГ):

Возраст

Пол: ☐Машки ☐женски

Матична држава:

Националност:

Професија/работа:

Телефон:

Е-пошта:

Бр. поднесени фотографии:

Информации за фотографиите (до 5 фотографии):

| реден. Бр. | Име на датотека | Датум на фотографија | Локација | Наслов на фотографијата | Легенда (максимум 100 збора на англиски јазик, со кои се опишува што илутрира фотографијата) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | | | | | |
| 2. | | | | | |
| 3. | | | | | |
| 4. | | | | | |
| 5. | | | | | |

Означете ги долунаведените полиња:

☐ Го прочитав договорот и условите за авторските права и се согласувам со условите за учество во натпреварот за најдобра фотографија.

☐ Го пополнив и го ставив во прилог официјалниот формулар за учество за поднесување на фотографиите.

☐ При испраќањето на фотографиите ќе ја наведам мојата возраст и земјата од каде доаѓам, во Полето за кандидатот.

Име: Датум (ДД/ММ/ГГГГ)

** Официјалниот формулар за учество се прифаќа само ако е машински пополнет или скениран. Исто така, може да ги дадете информациите од формуларот по е-пошта заедно со поднесувањето на фотографиите. Внимавајте, СИТЕ информации и договори мора да бидат вклучени во е-пошта, во спротивно, поднесените фотографии нема да се прифатат.

**Договор и авторски права – Натпревар за фотографија „WORK4YOUTH“**

**Услови и рокови**

Следното е договорено и склучено помеѓу Меѓународната организација на трудот, застапувана од Меѓународната канцеларија на трудот, во понатамошниот текст како „МОТ“ и учесникот на Натпреварот за фотографија WORK4YOUTH, во понатамошниот текст „фотографот“, заедно со МОТ како „страни“:

1. Фотографот на МОТ ќе му ги даде оригиналите (нумеричките датотеки со висока резолуција со минимум 6 мегапиксели) и ја презема одговорноста да обезбеди колку што е можно поцелосна легенда за секоја од фотографиите.

2. Фотографот изјавува дека фотографиите ги сликал/сликала сам/сама и гарантира дека тој/таа ги поседува сите права од интелектуална сопственост за поднесените фотографии, без учество на друг поединец или правен субјект.

3. Фотографот одобрува да се пренесе на МОТ лиценца за трајно, неотповикливо, целосно користење на фотографиите, без авторски хонорар и со можност за пренесување на дозволата на друг, дозвола за умножување, емитување, адаптирање, изменување, објавување, дистрибуирање и на друг начин дисеминирање на фотографиите поднесени од фотографот, во согласност со овој договор, вклучително и правото да се доделат повеќе подлиценци на други страни во врска со кое било од правата содржани во лиценцата. Ако и кога МОТ ќе ги објави фотографиите, ќе осигури името на фотографот да се појавува на следниот начин:
МОТ/Име на фотографот

4. Фотографот изјавува дека добил дозвола во писмена форма од субјектот што се појавува во фотографиите, со согласност дека фотографијата ќе биде поднесена за натпреварот на фотографии “WORK4YOUTH” и дека се согласува фотографиите да се користат од МОТ, како што е дефинирано со овој договор и условите од натпреварот. Онаму каде што субјектите од фотографиите не се способни да се согласат самостојно, фотографот изјавува дека дозволата е дадена и важи во согласност со применливите закони – на пр. Согласност дадена од правните претставници на субјектот/субјектите, овластени за таа цел.

5. Фотографот ќе ги почитува роковите и условите од натпреварот за фотографија WORK4YOUTH.

6. Ништо што е содржано во овој договор или кое е поврзано со истиот нема да се смета за одрекување од какви било права и имунитет на страна на МОТ.

7. Страните треба да вложат напори по мирен пат и директни неформални преговори да ги решат сите можни спорови или несогласувања што може да произлезат помеѓу нив од овој договор, во спротивно, спорот ќе биде решен преку арбитража, во согласност со UNCITRAL правилата за арбитража кои важат на денот на поднесување на барањето за арбитража. Освен ако страните не се договорат поинаку, местото на арбитражата ќе биде Женева, Швајцарија, а јазикот на арбитражата ќе биде англискиот јазик. Арбитражниот суд ќе се состои од еден арбитер. Страните се согласуваат да бидат обврзани со решението на арбитражата донесено во согласност со овој дел, како последно решение за кој било спор или недоразбирање.

**Авторски права**

- Со учество на натпреварот вие се согласувате да му се пренесе на МОТ лиценца за трајно, неотповикливо, целосно користење на фотографиите, без авторски хонорар и со можност за пренесување на дозволата на друг, дозвола за умножување, емитување, адаптирање, изменување, објавување, дистрибуирање и на друг начин дисеминирање на фотографиите поднесени од фотографот, во согласност со овој договор, вклучително и правото да се доделат повеќе подлиценци на други страни во врска со кое било од правата содржани во лиценцата;
- Поднесувањето на формуларот за учество значи согласност и договор помеѓу фотографот и кое било лице што е препознатливо од фотографијата на доделување лиценца на МОТ за целосно користење на фотографиите, без авторски хонорар, дозвола за прикажување, дистрибуција, умножување и создавање други дела од фотографијата/фотографиите или делови од истите, без разлика дали во комбинација со други фотографии, текст или графика, уредувани и модифицирани, на интернер или друг соодветен медиум за подигнување на свеста, споделување информации, известување, обука и образование, статија, публицитет, маркетинг, промотивни цели или други цели, без надомест за фотографот;
- МОТ го задржува правото да ги користи фотографиите во публикации како што се списанија, извештаи, календари, разгледници или други соодветни медиуми;
- Ако и кога МОТ ќе ги објави фотографиите, ќе осигури името на фотографот да се појавува на следниот начин: МОТ/Име на фотографот;
- Фотографиите не се враќаат;
- МОТ може да чува галерија од сите фотографии што се поднесени за натпреварот и истите да бидат доатапни на која било овластена страна која сака да ги искористи фотографиите на начин што е одобрен од МОТ;

Фотографот, овластените претставници на страните се согласуваат на роковите и условите и условите во однос на авторските права со поднесуваат на пополнетиот ОФИЦИЈАЛЕН ФОРМУЛАР ЗА УЧЕСТВО.